## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 19.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6542 | 1 | |

### ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
### ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;
2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ХДТВ МЕГА ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 ноември до 9 декември 2016 година;
4. **Датум на извршување на надзорот**: 18 декември 2016 година;
5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*“
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*“
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Извештајот за програмскиот сервис на ТРД ХДТВ МЕГА ДООЕЛ Скопје, кој емитува програма на македонски и на албански јазик, на регионално ниво (Д5), се однесува на периодот на изборната кампања, од 21 ноември до 9 декември 2016 година. Во согласност со Методологијата, анализата на изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии е направена врз деветнаесет изданија на дневно-информативната емисија, Дневник во 20 часот. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 4 часа 16 минути и 29 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ХДТВ МЕГА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Влада на РМ | 00:13:36 | 44.01 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:11 | 3.83 | % |
| Локална самоуправа | 00:05:26 | 17.58 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:06 | 13.27 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:45 | 12.14 | % |
| Други субјекти | 00:02:50 | 9.17 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:30:54** | **100** | **%** |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:29 | 3.15 | % |
| Други субјекти | 00:12:56 | 27.47 | % |
| ДИК и други органи | 00:15:25 | 32.74 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:41 | 5.70 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:50 | 3.89 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:07 | 2.37 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:37 | 1.31 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:37 | 1.31 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:37 | 1.31 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:12 | 13.17 | % |
| Влада на РМ | 00:00:38 | 1.35 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:03 | 4.35 | % |
| Судство | 00:00:30 | 1.06 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:23 | 0.81 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:47:05** | **100** | **%** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:17:59 | 45.23 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:15:35 | 43.84 | % |
| Левица | 00:10:00 | 5.80 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:03:48 | 2.20 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:05:03 | 2.93 | % |
| | Вкупно за тема: 02:52:25 | 100 | % |
| | Вкупно: 04:16:29 | | |

Делот од прилозите во кој, преку информативни жанрови, се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции сочинува 2 часа 52 минути и 25 секунди (Табела 1). Тоа е сегментот од вестите од кој се извлекуваат квантитативни оценки за балансот во известувањето, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници, при што треба да се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите. Исто така, треба да се има предвид дека ХДТВ Мега емитува програма на подрачјето на три изборни единици – ИЕ4, ИЕ5 и ИЕ6. Во ИЕ4 кандидатски листи имаа 7 учесници (Коалиција за промени и правда, Либерална партија, Левица, Коалицијата на СДСМ, Коалицијата ВМРО за Македонија, ДУИ и Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ). Во ИЕ5 се натпреваруваа сите учесници во изборна кампања, освен ПДП. Во ИЕ6 потврдени кандидатски листи имаа 9 учесници во изборната кампања (сите освен Либерална партија и Левица).

ХДТВ Мега во овие вести информираше само за активностите на 5 учесници во изборниот процес. Притоа, најмногу време одвои за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 1 час 17 минути и 59 секунди (45,23%), и за Коалицијата предводена од СДСМ - 1 час 15 минути и 35 секунди (43,84%). Потоа за Левица - 10 минути (5,80%), за Коалицијата за промени и правда - 5 минути и 3 секунди (2,93%), и за Коалицијата ВМРО за Македонија - 3 минути и 48 секунди (2,20%).

За активностите на власта е информирано во прилози со информативни жанрови кои траат 30 минути и 54 секунди (Табела 1) каде што беа опфатени следниве теми: Јолевски: Потребна е сеопфатна стратегија за мигрантската криза; Средба на Никола Попоски со делегација на ПССЕ; Замена на словенечкиот контингент полицајци на македонско-грчката граница; 48 седница на Советот на Општина Кичево; Извештај од МФ: Јавниот долг намален за 1,4 процентни поени; Прес-конференција на Оливер Спасовски: Ќе се казнуваат полициски службеници учесници во политички кампањи; Битолчани по 17 пат ја засадија својата иднина; Министерот Башким Амети за „Денот на дрвото" во Кичево; Работна средба на министерот за надворешни работи на Унгарија - Сијарто во Македонија; Реконструкција на патот Битола – Новаци; Започнаа зафатите на северната трибина на стадионот во Битола; Партиски притисоци во Битола?; Средба на Миновски со стопанственици во Кичево; Македонија ќе произведува муниција за НАТО; и Продолжува стимулацијата за развој на приватниот сектор.

Другите теми поврзани со изборите, а кои се обработени преку информативни жанрови, претставуваат 47 минути и 5 секунди од вестите (Табела 1). Од тоа, најголем дел во траење од 15 минути и 25 секунди (32,74%) ги опфаќа прилозите во кои ДИК информира за изборниот материјал, начинот на спроведување на изборите, избирачкиот список, објаснувањето на гласачката процедура, бројот на набљудувачи и странски новинари кои ќе ги следат парламентарните избори и др. Категоријата „други субјекти" е застапена со 12 минути и 56 секунди (27,47%), преку изјавите на Народниот правобранител, анкетите спроведени од „Брима Галуп" и „Павел Шатев", изјави на инвеститори во индустриските зони и др. Методолошката категорија амбасадори/меѓународни организации/странски политичари застапена е со 6 минути и 12 секунди (13,17%) во прилозите: Жбогар: Фер и кредибилни избори без насилство; Иво Вајгл: Очекувам фер и кредибилни избори; Курц: Фер избори и итните реформски приоритети за преговори во ЕУ. Граѓанскиот сектор во вестите е опфатен со прилогот за едукација на Ромите за уставните права при гласање и извештаите на невладината организација Мост. Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, Коалицијата предводена од СДСМ, ДУИ и ДПА се застапени преку воведните прилози во вестите каде што се информира за сите најавени митинзи на партиите, како и прилогот за финансиските извештаи на учесниците во изборниот процес доставени до ДИК.

Коалицијата предводена од СДСМ добила најмногу време за директни обраќања во сите прилози со информативни жанрови – 1 час 1 минута и 3 секунди (38,70%). Веднаш зад нејзе е Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ со 59 минути и 20 секунди (37,62%). Сите други субјекти, имаат помалку од 10 минути. (Табела 2).

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ХДТВ МЕГА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:59:20 | 37.62 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:01:03 | 38.70 | % |
| Левица | 00:08:08 | 5.16 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:01 | 1.28 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:42 | 1.08 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:03:57 | 2.50 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:54 | 1.84 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:18 | 1.46 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:04 | 1.31 | % |
| Влада на РМ | 00:06:08 | 3.89 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:03:00 | 1.90 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:46 | 1.12 | % |
| Други субјекти | 00:01:57 | 1.24 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:26 | 0.91 | % |
| | **Вкупно: 02:37:44** | **100** | **%** |

Авторските коментари, осврти и други прилози во кои се изнесуваат ставови зафаќаат 6 минути и 5 секунди од времето во вестите во 20 часот.

На 28 ноември со почеток во 20 часот и 17 минути, емитуван е коментар со телоп „Што значи за земјава, формирањето унија на албански општини од регионот?" со негативна рамка за СДСМ. Прилогот започнува со информации за формирање на унија на албански општини во кои влегува и општина Тетово. Оттука медиумот го поставува прашањето, цитирано: „дали ова значи чекор кон идна федерализација и кантонизација на Македонија?". Продолжува со поврзување на изјавата на лидерот на СДСМ, Зоран Заев, ја реактуелизира и изјавата на професорот Љубомир Фрчковски (поранешен кандидат за претседател од СДСМ), кој ја промовирал идејата за премиер Албанец. Дополнително се спомнува и одликувањето на Владимир Милчин за заслуги од страна на косовскиот претседател Хашим Тачи. Прилогот завршува со отворено прашање, цитирано: „Дали Македонија повеќе од две години е држена во монтирана политичка криза, сите протести, случувањата во регионот, а за крај последниот договор за унија на албански општини во регионот, значи само едно, распарчување на Македонија?".

На 1 декември со почеток во 20 часот и 7 минути, емитуван е осврт со телоп „Неделникот Република" кај „Двери во Белград по одговори" со негативна рамка за СДСМ. Се прави споредба меѓу програмата и слоганите на Коалицијата предводена од СДСМ со онаа на „Двери". Пренесено е и интервју со Срѓан Ного од српската партија „Двери", спроведено од неделникот „Република", како и СМС порака од Оливер Спасовски до неделникот „Република", со одговор по обвинувањата за копирање на кампањата на „Двери". Медиумот понатаму во прилогот констатира дека „македонската јавност останува покуса за одговор од СДСМ за истото прашање".

**Член 75-б од Изборниот законик**

На ТВ ХДТВ МЕГА, во периодот од 21 ноември до 9 декември 2016 година, се емитуваше следниов прилог во кој власта се поврзува со политички субјект:

***Дневник во 20 часот на 5 декември 2016 година***

20:18:42 - 20:20:08 „Мисајловски: 'Реално' предвидува голем број на проекти за регионот" - Владо Мисајловски, во прилогот најавен како министер за транспорт и врски, зборува за актуелни проекти спроведени од Владата, но во истата изјава зборува и за идни проекти, ветени во програмата „Реално" на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ.

***Сектор за програмски работи***